НОВА МАКЕДОНИЈА
# Пензионерски видици
ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ



АКТУЕЛНО
Средба со министерот за труд и социјална политика
Стр.13

Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија

## Најбројна и најстара граѓанска организација

*Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ) е заедница на 48 здруженија на старосни, семејни и инвалидски пензионери во кои членуваат над 210.000 корисници на пензија, со над 400 ограноци*



Душко Шурбановски

Пензионерите на Македонија во 2006 година ќе го одбележат 60-годишниот јубилеј од постоењето на пензионерското осигурување.

Пензионерската организација започна како општествена организација, а денес има статус на граѓанска асоцијација. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ) е заедница на 48 здруженија на старосни, семејни и инвалидски пензионери во кои членуваат над 210.000 корисници на пензија, со над 400 разграноци со солидна инфраструктура. Здруженијата-членки на Сојузот располагаат со солидна инфраструктура. Здруженијата располагаат со 30 пензионерски домови, во кои живеат пензионери кои за време на нивниот работен век не успеале да го решат своето станбено прашање. Најголемиот број здруженија се опремени со средства за комуникација (телефон, телефакс), некои имаат и компјутери, а најголемиот број здруженија и фотокопир апарати. Во рамките на пензионерските домови и одделно функционираат клубови на пензионерите за дневен престој. Овие објекти се места каде што корисниците на пензија, особено во зимскиот период, го минуваат најголемиот дел од денот во меѓусебно дружење, информирање за настаните во земјава и во светот преку дневниот печат, радио и телевизија. Преку клубовите на пензионери корисниците на пензија се информиаат и за состојбите во нивната асоцијација, за активностите што ги преземаат раководствата на здруженијата и на Сојузот во заштитата и унапредувањето на правата на пензионерите од областа на пензиското и инвалидското осигурување и здравствената заштита на пензионерите.

Сојузот на здруженијата на пензионерите, односно неговите членки - здруженијата на пензионерите - претставува жив организам во кој катадневно се случуваат активности. Пензионерите преку своите здруженија постојано се во движење. Организирано одат на екскурзии, во посета на културно-историски споменици и природни реткости, спортуваат итн.

Од членарината здруженијата ги помагаат со еднократна помош болните и стари пензионери со ниски пензии, определен број стари и болни пензионери на сметка на Здружението ги испраќаат на бањско-климатско лекување по 10 дена.

За време на новогодишните празници некои здруженија практикуваат делење пакети со прехранбени артикли и средства за лична хигиена, го плаќаат превозот кога се организираат излети, екскурзии во земјата и во странство, плаќаат за одржување на клубовите за дневен престој (дневен печат, струја, вода и огрев, наемнина доколку клубските простории се во приватна сопственост). Еден број здруженија издаваат и свои периодични весници или билтени за подобро информирање на своите членови.

Секое здружение на пензионери-членка на Сојузот, има посебен Фонд за солидарност кој служи за покривање на трошоците за погреб на корисник на пензија. Висината на задршката од пензијата за дејноста на Здружението и за солидарните средства за погреб ја утврдуваат здруженијата и таа е единствена за сите здруженија, со што се олеснува манипулацијата на Фондот на ФПИОМ. Фондот ги сервисира овие средства при исплатата на пензиите од 1993 година без никаков надомест. Во 2003 година СЗПМ и ПИОМ склучија меѓусебна Спогодба за начинот на задршката од пензиите за членарина и за солидарните фондови. Со Спогодбата е утврдена обврска за Фондот на ПИОМ да врши задршка од пензиите за здруженијата-членки на СЗПМ во висина што ја утврдува Сојузот врз основа на согласноста на секое здружение и задржаните средства да им ги уплатува на сметките на здруженијата, сразмерно на бројот на членовите.

Меѓутоа, Фондот без основа задржаните средства од пензиите за членарина и за солидарните фондови на корисниците на инвалидска пензија и им ги уплатува на сметките на трудовите инвалиди, кои не се пензионери, туку работници со намалена работна способност.

УО на ФПИОМ кој ја изгласа Спогодбата за меѓусебните односи меѓу него и СЗПМ, сега без основа, без формално раскинување на Спогодбата, на седницата одржана на 24 ноември 2004 година заклучи да му предложи на министерот за труд, односно на Владата, да поднесе предлог за изменување и дополнување на Законот за ПИОМ со кој ќе се задолжи Фондот да врши задршка од пензиите за солидарните фондови и од задржаните средства да врши исплата на членовите на семејствата на починатите корисници на пензија и се предлага на Владата да му предложи на Собранието закон со кој ќе му се даде овластување на ФПИОМ да управува со средствата на пензионерите без нивна посебна согласност бидејќи таква согласност пензионерите нема да дадат.

Предлогот задржаните средства да се акумулираат во единствен фонд при ФПИОМ, а исплатата да ја врши Фондот многу ќе ја отежни постапката за исплата, зашто Фондот нема подрачни единици во седиштата на сите здруженија, поради што сопружникот на корисникот на пензија кој живее во оддалечени рурални места или е стар и изнемоштен, не ќе може да го оствари ова право. Според тоа, не треба да се менува сегашниот систем на функционирање на овие фондови, а државата очигледно нема билансни можности да ги обезбеди овие средства и ќе се случува пензионерите да бидат погребувани во градските паркови или во селата во дворовите на семејните куќи на корисниците на пензија.

Органите на Сојузот, со поддршка од раководствата на здруженијата на пензионерите, во 2004 година ѝ упатија иницијатива на Владата за изменување и дополнување на Законот за ПИОМ која Владата им ја достави на мислење на министрите за труд и социјална политика и за финансии и на Секретаријатот за законодавство на Владата. Со оваа иницијатива Сојузот предлага Управниот одбор на ФПИОМ да го избира Собранието на РМ, а не Владата, и тоа на предлог на Сојузот на синдикатите или одборот на работодавците пет члена и четири члена на предлог на пензионерските асоцијации. Наедно, се предлага фондот да се задолжи да врши задршка од пензијата по согласност на пензионерите и тие средства да им ги уплатува на сметките на здруженијата.

За време на последните парламентарни избори во 2002 година побаравме од сите политички партии - учесници во изборите да предложат пензионери на нивните кандидатски листи. Меѓутоа, ниту една партија не го стори тоа. И сега за локалните избори се обративме со барање до сите политички партии на листите за членови на советите на општините да стават и пензионери. Пензионерската популација ги има сите профили на кадри, искусни, од сите области на животот и, што е најважно, лојални на македонската држава.

**Душко Шурбановски, претседател на СЗПМ**

### К-15 и за пензионерите?

Со Иницијативата се предлага, и со Законот за ПИОМ да се пропише трошоците за „поштарина" на пензиите да се подмируваат од средствата на фондот, а доколку се исплатува надоместок за К–15 на вработените во јавниот сектор, тој да им се исплатува и на корисниците на пензија не помалку од 50% од износот. Овие барања, всушност, значат враќање на овие права за пензионерите кои беа предвидени со Законот за ФПИОМ од 1993 година, но подоцна укинати, како што впрочем се укинаа и ред други права на корисниците на пензија.



### „Отпремнина" за закоп од 25 до 35 илјади денари

Корисниците на пензија – членови на пензионерските здруженија–членки на СЗПМ, нивната активност ја финансираат од своите пензии. На нивна согласност, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија при исплатата на пензијата им задржува секој месец по 140 денари од кои 120 денари се строго наменски и служат за надомест на трошоците за погреб на починат корисник на пензија. „Отпремнината" за закоп се движи од 25 до 35 илјади денари, во зависност од стапката на смртноста во рамките на здруженијата, 20 денари служат за учество во финансирањето на Сојузот од кои 1,60 денари за СЗПМ и 18,40 денари за катадневните активнотси на здруженијата: подготовките и учествувањето на регионалните и завршните републички спортски натпревари, одржување на ревиите на културно–забавните пензионерски самодејности секоја година и слично.

## Поблиску до пензионерите



Драги Аргировски

Новата концепција на "Нова Македонија" и редизајнот бележат уште една новина-месечен прилог за пензионерите "Пензионерски видици", што секако ќе предизвика соодветно интересирање во јавноста.

Прилогот ќе се објавува секој последен петок во месецот и на тој начин 260 илјади пензионери и нивните семејства ќе можат на поефикасен и попристапен начин да бидат информирани за сите одлуки, акции и зафати што се значајни за нивниот живот и делување. Прилогот, воедно, ќе има задача да ја информира јавноста за сите значајни збиднувања во пензионерските организации, за работата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, како и за другите релевантни фактори, со посебен акцент за секојдневните проблеми од животот на пензионерите, со ширење на вистината за и околу нив.

Акцент ќе се даде на тоа како се остварува пензиско и инвалидско осигурување, реформите во пензискиот систем, на меѓународната активност на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, за искуства од пензионерското организирање во земјите на Европската унија, а нема да изостанат и теми од работата на пензионерски домови и клубови, на бањи и летувалишта, на Домовите за стари лица, за здравствените прашања, снабдувањето со лекови, за заедничкото дружење на пензионерите, за културно-забавниот и спортскиот живот и слично.

Се планираат и постојани рубрики: Лекарот ве советува и Правен советник, како и промовирање и поттикнување на творештвото на пензионерите, со објавување на стихови од и за нив и друго.

Како соработници ќе се јавуваат стручни лица од Фондот на ПИОМ, активисти на СЗПМ, дописници од Здруженија, како и читателите.

На овој начин се очекува да се создаде реална слика на животот на пензионерите во Република Македонија, за нивното трето доба и времето кон стареењето со актуелизирање на проблемите и давање нов импулс за подобри пензионерски денови.

Наредниот број на "Пензионерски видици", месечен прилог на првиот дневен весник во нашата земја "Нова Македонија", се планира за 25 февруари, потоа на 25 март, 29 април, 29 мај итн.

**СРЕЌНО...**



Структура на македонските пензионери

# Најниската 4.201 , највисоката 26.781 денари



Андон Марковски

За да се согледа вистинската слика на пензионерите во Република Македонија треба да се истакне дека во државата живеат над **267.850** пензионери, од кои **137.375** се старосни пензионери, **51.596** инвалидски и над **70.150** семејни. Кон оваа структура треба да се додадат корисници на минимални пензииоколу **5.820,** како и корисници на воени пензии-околу **2.900.**

Просечна пензија во нашата држава изнесува **7.433** денари, со тоа што најниската е **4.201**, додека највисоката е **26.781** денари.

Во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија членуваат здруженијата на старосни и семејни пензионери, а во еден број здруженија и инвалидски пензионери, како и четири здруженија на инвалидски пензионери. Здруженијата доброволно се здружуваат во СЗПМ за полесно остварување на заедничките интереси и заштита на правата од пензиското и здравственото осигурување. Според тоа, Сојузот нема карактер на „чадор“ организација, туку тој е изведен од здруженијата што се самостојни правни субјекти.

Поради зголемените трошоци на животот, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија има постапка до државните органи преку Фондот на ПИОМ најниските пензии да се зголемат. Треба да се има во предвид дека од вкупниот број пензионери 31 отсто примаат пензија во висина до **5.000** денари. Воедно бараме поштарината за исплата на пензиите да ја сноси Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, како што е случајот во повеќе земји во Европа.

Што од сето ова ќе се реализира ќе покаже времето, но сите овие проблеми се актуелни и ќе треба да се решат.

Треба да напоменам и тоа дека за проблемите што не можеме да ги решиме спогодбено со Фондот на ПИОМ или со Владата на Република Македонија и неговите органи, често пати поведуваме и судски постапки.

За одбележување е и тоа дека 20 септември го славиме како патронен празник на пензионерската организација, а во иднатa 2006 година, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ќе ја одбележува 60-годишнината од постоењето.

**Андон Марковски, потпретседател на СЗПМ**

Издавачка дејност

# „Македонски пензионери денес“ од м-р Вите Исјановски

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ја збогатува и својата издавачка дејност. Во публицистичкиот труд "Македонски пензионери денес“ м-р Вите Исјановски го елаборира процесот на создавање на првите организации на пензионерите, за нивниот континуитет и за создавањето на СЗПМ. Забележително е личното искуство на авторот во партиципирањето и раководењето на оваа значајна општествена организација.



На вкупно околу 200 страници текст, Исјановски ги презентира и правците во начините за подобрување на социјалната положба на пензионерите, особено во поглед на нивната здравствена заштита и набавка на лекарста.

**Д.А.**

## Едукација на пензионерите

Во повеќе градови во нашата држава се настојува да се интензивира здравственото просветување на пензионерите. Во Куманово, за стресот во денешно време зборуваше д-р Драги Караџински, додека за болеста "остеопороза“ - за заболувањето на коските кај жените, излагање имаше проф.д-р Снежана Марковиќ, од Клиниката за дијабетис.

Интересирање кај кумановските пензионери предизвика и темата "Инфаркт на миокардот како современа болест на кардиологијата“, за што зборуваше д-р Владимир Митиќ, специјалист по интерна медицина и кардиологија.

**Т.А.**

Од Фондот на ПИОМ

# Редовност на пензиите

*На почетокот на годинава Фондот има над 330.000 осигуреници, од чии придонеси се обезбедуваат најголемиот дел од средствата за исплата на пензии*

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија и годинава планира редовна динамика на исплата на пензиите и тоа за првата и втората категорија околу 15 во месецот, а за третата при крајот на месецот.

Во минатата 2004 година беше остварено позитивно салдо од околу 400 милиони денари. Тоа се должи на зголемените приходи за околу 8 отсто повеќе во споредба со предходната година. Пораст бележи и наплатата на пензиските придонеси и тоа за над 3 отсто како резултат и на наплатата на заостанатите пензиски придонеси на рати и од контролата на присилната наплата. Приходите се остварени и од продажба на акциите.



На почетокот на годинава Фондот има над 330.000 осигуреници, од чии придонеси се обезбедуваат најголемиот дел од средствата за исплата на пензии.

Се напоменува и тоа дека осумте отсто што дополнително им се даваа на поголем број пензионери ќе завршат заклучно со мајската пензија.

# Со нов систем на работење

*Најдоцна до мај сите 65.000 фирми - обврзници ќе треба да се приспособат за електронско плаќање на пензискиот придонес*

Обврзниците на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија од јуни годинава доставувањето на податоци и плаќањето на придонеси ќе го прават само по електронски пат. На овој начин ќе се обезбеди поефикасна наплата и котрола на придонесите и ќе се воведе дневно следење на уплатите и точна евиденција за секој осигуреник поодделно.

Најдоцна до мај сите 65.000 фирми-обврзници ќе треба да се приспособат за електронско плаќање на пензискиот придонес.

Новиот систем предвидува податоците да се доставуваат најдоцна до осми во месецот до подрачните единици на Фондот, а самите осигуреници најмалку два пати во годината ќе можат да проверуваат на колкав основица им се плаќа пензискиот придонес. На тој начин ќе се комплетираат и податоците за остварување на правото за пензија.

Наесен треба да профункционираат и приватните пензиски фондови, за чие формирање право добија Стопанска и Тутунска банка заедно со своите грчки и словенски партнери.

ЗДРАВСТВО



Здружение на пензионери“ Гази Баба“ – Скопје

# Партиципација за летување во Катланово

Собранието на Здружанието на пензионерите на скопската општина "Гази Баба“ донесе одлука на пензионерите кои се заинтересирани да користат десетдневен пансион во Пензионерското летувалиште во Катланово да им партиципра 50 отсто од дневниот пансион. Предимството во партиципацијата ќе имаат пензионерите со пониски пензии и нарушено телесно здравје.

Донесена е и одлука слична партиципација да се остварува и за пензионерите за лекување и терапија во минерални бањи, а во зависност од материјалните можности на Здружението.

**Д.П.**

Пензионерско секојдневие

# Потреба од подобра здравствена заштита

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија постојано води грижа за подобрување на здравствената заштита на своето членство, како и за подобрување на снабденоста со лекови.

-За здравјето на човекот нема цена-вели Никола Стојановски, претседател на Комисијата за здравство и здравствено осигурување при ИО на СЗПМ.

Општа оценка е дека во Република Македонија снабденоста со лекови од позитината листа не е задоволителна. Посебно се потенцира прашањето за укинување на партиципацијата - како за лековите, така и за болничкото лекување. Пензионерите, исто така, бараат снабденоста со лекови од позитивната листа да биде континуирана, а не како досега да се одвива кампањски. Се јавува и потребата од отворање аптеки во сите поголеми населни места во нашата земја.

**Б.Ќ.**



Иницијатива за Балканска асоцијација на пензионерите

# Заедно кон европските стандарди

*Учесниците на средбата во Струга го прифатија предлогот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за создавање на Балканска пензионерска асоцијација и се донесе одлука за формирање одбор за подготовка на основачкиот самит*

Во сите балкански земји постојат организации на пензионерите во вид на Сојуз или синдикати, кои главно се борат за заштита и унапредување на правата на пензионерите. Поради тоа се понагласено се јавува потребата од поголема соработка на пензионерските асоцијации на Балканот.

За ова станува збор на средбата со претставниците на пензионерските асоцијации на балканските земји, што се одржа во септември минатата година во Струга. На оваа средба учество зедоа претставниците на пензионерските организции на Албанија, Бугарија, Црна Гора, Турција и Македонија, а согласност изразија сојузите на пензионерите од Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина.

При тоа беа разменети информации за искуствата од организираноста на пензионерите од балканските земји, за пензиските системи, финансирањето на дејноста на пензионерските асоцијации, за начинот на усогласувањето на пензиите со животните трошоци, за здравствената заштита на пензионерите, за обезбедувањето на погребните трошоци и друго. Се констатира дека во земјите од Балканскиот Полуостров различни се аршините за правото за стекнување на пензија, за долната и горната старосна пензија, за години на стажот, како и за заштита на животниот стандард на пензионерите.



Поради сето тоа учесниците на средбата во Струга го прифатија предлогот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за создавање на Балканска пензионерска асоцијација и се донесе одлука за формирање одбор за подготовка на основачкиот самит.

Заедничкото дејствување на пензионерите секако ќе биде од заемен интерес посебно за организационата поставеност на организациите, за нивниот статус и членување, за финансирањето и соработката со Еврпската конференција на пензионерите, за односот со владите и државните органи, како и со политичките партии и синдикатите и слично. Во фокусот на вниманието на Балканската пензионерска асоцијација секако ќе бидат и прашањата на движењето на пензиите и нивното усогласување со платите или со трошоците на животот, соодносот меѓу пензиите и личните доходи, здравствената заштита и здравственото осигурување на пензионерите, како и организирање балкански спортски и културни натпревари и други активности.

Заедничкото дејствување на пензионерите од Балканот е неминовна потреба, така што се смета дека ова не треба да остане само идеја. Во секој случај оваа иницијатива на македонскиот Сојуз на пензионерите е корисна и е во духот и карактерот на работата на европските пензионерски организации.

**Д. Аргировски**

АКТУЕЛНО



Средба со министерот за труд и социјална политика на делегација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

# Потреба од заедничко решавање на проблемите

На 25 јануари 2005 година делегација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија предводена од претседателот на Собранието на Сојузот Душко Шурбановски придружуван од потпретседателот на ИО на Собранието на Сојузот Андон Марковски, секретарот на ИО Чедомир Георгиевски и членот на ИО и претседател на Правно-економскиот совет на ИО на СЗПМ Никола Конески, беа примени од министерот за труд и социјална политика на РМ господинот Стевче Јакимовски. На средбата покрај делегацијата на Сојузот присуствуваа и директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија г-ин Бошко Китановски и помошник директорот Лилјана Поповска. Присутен беше и заменик-министерот Самка Ибраимовски.

Средбата беше остварена на барање на раководството на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за да биде информиран ресорниот министер Јакимовски со состојбите во најбројната граѓанска невладина организација во Македонија - Сојузот на здруженијата на пензионерите. На министерот му беше претставена "личната карта" на оваа граѓанска асоцијација која делува во областа која ја "покрива" Министерството за труд и социјална политика. Од големиот број информации за организираноста и делувањето на СЗПМ, акцентот, сепак, беше ставен на функционирање на фондовите на средства за погребнина на починатите пензионери и корисници на пензии формирани при секое здружение на пензионерите и за кои средствата се алиментираат од пензиите при нивната исплата, секој месец. Задршката ја врши ФПИОМ врз основа на меѓусебна спогодба склучена меѓу СЗПМ и ФПИОМ. Задржаните средства Фондот им ги уплатува по конечната исплата на пензиите на сметките на секое здружение, соодветно на бројот на членовите.

*Денес претставници на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се очекува да бидат примени и од претседателот на Владата на Република Македонија г-ин Владо Бучковски а побаран е прием и од претседателот на Република Македонија г-ин Бранко Црвенковски и од претседателот на Собранието на РМ г-ин Љупчо Јордановски*

Министерот и неговиот заменик беа информирани дека Фондот од март месец 2004 година за пет новопримени здруженија на пензионери, од кои четири инвалидски, задржаните средства им ги уплатува на сметките на здруженијата на трудовите инвалиди кои не се пензионери.

Се работи за непочитување на спообдата за четирите новопримени членки на Сојузот од редот на инвалидските пензионери и здружението на старосни и семејни пензионери од Ѓорче Петров.

По подолгиот разговор со министерот се заклучи раководството на Фондот да ги отстрани причините кои придонесоа да дојде до нецелосно спроведување на спогодбата, при што да се имаат предвид сугестиите на делегацијата на Сојузот и од министерот.

Беше укажано дека недоразбирања не користат никому и дека е нужно да се разреши состојбата помеѓу фондот на ПИОМ и здруженијата на инвалидските пензионери и здруженијата на трудовите инвалиди. Делегацијата на СЗПМ очекува недоразбирањата да се разрешат во духот на пропишаните норми со позитивните прописи.

# Грижа за старите лица



*Црвениот крст на Македонија секоја година организира пригодни активноси за грижа на стари лица*

Во Република Македонија 13 отсто од популацијата се лица со над 65 години, а четвртина од нив имаат потреба за нега во нивниот дом. Со остварување на здравствена грижа во домашни услови и амбиент ќе се овозможува и подостоинствен живот на старите лица.

За ова, сметаат пензионерите треба многу повеќе да се грижи и самта држава, како и хуманитарните невладини организации. Така, Црвениот крст на Македонија секоја година организира пригодни активноси за грижа на стари лица, со лекарски прегледи, подарување храна и облека и слично. Посебно се разговара за старосната доба на живеење и потребата од правилна исхрана и за создавање навики за почит, помагање и грижа за старите лица, за да не се случува во некои села да умираат заборавени старци

**С.И.**



ИНВЕСТБАНКА АД СКОПЈЕ
ги препознаваме добрите идеи

**Потрошувачки кредити за пензионери**

- без ограничување на износот на кредитот
- рок на отплата до 24 месеци
- старосна граница до 70 години
- брза и едноставна процедура

Македонија 9-11, 1000 Скопје
тел: 02 311 41 66, факс: 02 313 5

